**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0803 – 140/5**
**Скопје, 05/08/2009 година**

**ДО**

**ВМРО-ДПМНЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за изборните кампањи на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и тоа за спроведените вонредни парламентарни избори во 2008 година, локалните и претседателски избори спроведени во 2009 година, прикажани на страните 5,6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 85 од Изборниот законик, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на ВМРО-ДПМНЕ за претходните парламентарни и локални избори спроведени во 2005 и 2006 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставува одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - м-р Никола Груевски - претседател на партијата;
   - м-р Мартин Протоѓер - генерален секретар;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 15/06/2009 до 19/06/2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето, дали финансиските извештаи вистинито и објективно ги искажува финансиските активности поврзани со вонредните парламентарни, локалните и претседателските избори во согласност со примената на законска регулатива, и тоа во делот на вкупниот износ на средствата, изворите на финансирање и направените трошоци.

8. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно

уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

9. Со ревизијата на финансиските извештаи за вонредните парламентарни избори во 2008 година, локалните и претседателските избори во 2009 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**9.1 Извори на донации**

9.1.1.Врз основа на финансиските извештаи и приложената документација, ревизијата констатира дека изборните кампањи согласно Изборниот законик не се финансирани од:

- средства на буџетот на општините и градот Скопје;
- средства на јавни претпријатија и јавни установи;
- средства на здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации;
- средства од странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица;
- средства од претпријатија со мешовит капитал каде што е доминантен странски капитал.

**9.2 Висина на донации**

9.2.1.Врз основа на финансиските извештаи и приложената документација, ревизијата констатира дека донациите за изборните кампањи согласно Изборниот законик не го надминуваат законскиот лимит од 5.000 евра во денарска противвредност за физички лица, односно 20.000 евра во денарска противвредност за правни лица.

**9.3 Финансиски извештаи**

9.3.1.Врз основа на финансиските извештаи и приложената документација, ревизијата констатира дека:

- радиодифузерите и печатените медиуми не поднеле извештаи до Државен завод за ревизија за рекламниот простор искористен од секој организатор на изборните кампањи. Овие податоци ревизијата ги обезбеди од Советот за радиодифузија.
- Организаторот на изборната кампања не потрошил повеќе од 60 за парламентарните и 180 денари за претседателските и локалните избори, по запишан избирач во изборната единица односно општината за која има поднесено листа на кандидат. Податокот за бројот на запишаните гласачи ревизијата го обезбеди од Државната изборна комисија.

Во продолжение е даден табеларен преглед за потрошените средства за сите изборни кампањи организирани од ВМРО ДПМНЕ .

| **Избори** | **расходи во (000) ден** |
|---|---|
| Вонредни парламентарни избори 2008 година | 77,959 |
| Локални избори 2009 година | 74,577 |
| Претседателски избори 2009 година | 65,138 |

### 9.4 Продолжена ревизија

9.4.1. Согласно член 11-б од Законот за државна ревизија, ревизијата изврши увид во сметководствената евиденција на националниот радиодифузер ТВ Канал 5, додека од радиодифузерите ТВ А1 и ТВ Сител не беа презентирани документи кои се однесуваат на меѓусебните односи со политичките партии. Презентираната документација за изборните активности во политичката партија се совпаѓа со документацијата во сметководствената евиденција на националниот радиодифузер ТВ Канал 5 (договори, фактури и изводи од платен промет).

10. Според наше мислење, финансиските извештаи на ВМРО ДПМНЕ за вонредните парламентарни, локалните и претседателските избори спроведени во 2008 и 2009 година, врз основа на приложената документација вистинито и објективно ги искажуваат финансиските активности поврзани со изборните кампањи, во согласност со примената на законска регулатива, и тоа во делот за вкупниот износ на средствата, изворите на финансирање и направените трошоци.

11. **Системски слабости**

Ревизијата смета за неопходно да го истакне следното:

1. Согласно одредбите на Изборниот законик во случај кога вредноста на донацијата од физички и правни лица го надминува законски утврдениот лимит, разликата помеѓу дозволената и донирана вредност, организаторот на изборната кампања треба да ја префрли во Буџетот на РМ. Од оваа одредба се изземени донациите добиени од радиодифузерите и печатените медиуми. Имајки предвид дека истите се едни од најголемите донатори на организаторите на изборната кампања, со нивното изземање се остава простор за злоупотреба од една страна и се избегнува надминување на законски дозволениот лимит за донации од правни лица, а од друга страна се намалува приливот на приходи во Буџетот (одобрениот попуст од националниот радиодифузер ТВ Канал 5 од 97,42% изнесува 115.729 илјади денари или 1,867 илјади евра).

2. Одредбите од Изборниот законик не предвидуваат поврзаност меѓу двете фази на изборите, набљудувањето за време на изборната кампања, во која учествуваат домашни здруженија на граѓани, меѓународни организации и фазата на известување каде Државниот завод за ревизија е одговорна за вршење надзор на финансирањето на изборната кампања. Поради ова, ревизијата не е во можност да даде комплетна информација за активностите за време на изборната кампања и финансирање на истата, бидејќи има увид само во прикажаните


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311 ----------------------------

финансиски извештаи и документација презентирани од организаторот на изборната кампања.

Заради претходно наведеното, се предлага во Изборниот законик во делот Набљудување на изборите како набљудувачи да се предвидат и домашни правни лица со зголемени ингеренции кои покрај набљудувањето на регуларноста ќе вршат набљудување и на финансирањето на изборната кампања и за истото да имаат законска обврска да изготват извештај кој би бил појдовна основа при вршењето на ревизијата од страна на Државниот завод за ревизија. Со наведеното Државниот завод за ревизија ќе има поцелосен увид во финансирањето на изборната кампања и ќе може да даде мислење дали финансиските извештаи реално и објективно ја презентираат финансиската активност на изборната кампања. Во овие услови Државниот завод за ревизија дава мислење само на целта дали финансиските извештаи се реално и објективно изготвени врз основа на приложената сметководствена документација.

3. Одредбите од член 85 став 1 од Изборниот законик пропишуваат обврска организаторот на изборната кампања веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена по денот на завршување на изборната кампања да поднесе финансиски извештај за изборната кампања. Од друга страна одредбите од член 71 став 6 од Изборниот законик пропишуваат затворање на сметките за изборните кампањи откако ќе бидат исплатени средствата од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на општините и градот Скопје за секој добиен глас на изборите. Надоместокот на трошоците за избори согласно член 86 од Изборниот законик треба да се исплати од Буџетот на Република Македонија најдоцна во рок од три месеци по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања, врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори. Заради наведеното финансискиот извештај не ги опфаќа трансакциите кои би можеле да се случат од денот на изготвување на извештајот до денот на затворање на сметката за изборните кампањи, што би имало влијание на реалното и објективното искажување на финансискиот извештај.

Скопје, 04/08/2009 година **Овластен Државен Ревизор**


***ул: “Маршал Тито” - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
тел:211-262, факс:126-311

## ВМРО ДПМНЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОНРЕДНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2008 ГОДИНА

| ОПИС | износ во (000) ден. |
|---|---|
| **Приходи:** | |
| Спонзорства и донации | 58,723 |
| Средства од редовната сметка | 12,000 |
| Средства од Буџетот на Р.М. | 7,222 |
| Приходи од камати | 14 |
| **Вкупни приходи:** | **77,959** |
| **Расходи:** | |
| Национални електронски медиуми | 14,516 |
| Локални електронски медиуми | 14,209 |
| Печатени медиуми | 18,762 |
| Маркетинг услуги | 13,618 |
| Печатарски услуги | 3,633 |
| Организација на кампања | 4,611 |
| Транспортни услуги | 4,228 |
| Естрадни уметници | 404 |
| Закупнина | 338 |
| Префрлени непотрошени средства на редовната сметка | 3,640 |
| **Вкупно расходи:** | **77,959** |

## ВМРО ДПМНЕ
## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2009 ГОДИНА

| ОПИС | износ во (000) Ден |
|---|---|
| **Приходи** | |
| Донации од физички лица | 42,850 |
| Донации од правни лица | 100 |
| Попусти од радиодифузери | 230,483 |
| **Вкупни приходи:** | **273,433** |
| **Расходи** | |
| Електронски медиуми | 34,716 |
| Печатени медиум | 9,728 |
| Организација на кампања | 11,605 |
| Маркетинг услуги | 8,850 |
| Транспортни трошоци | 7,728 |
| Други расходи | 1,950 |
| **Вкупни расходи:** | **74,577** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311

***Овластен Државен ревизор***

----------------------------

## ВМРО ДПМНЕ
## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ ЗА 2009 ГОДИНА

| ОПИС | износ во (000) ден |
|---|---|
| **Приходи:** | |
| Спонзорства и донации | 26,924 |
| Донации - попусти од радиодифузери | 185,155 |
| **Вкупни приходи:** | **212,079** |
| **Расходи:** | |
| Национални електронски медиуми | 12,358 |
| Локални електронски медиуми | 18,422 |
| Печатени медиуми | 5,212 |
| Маркетинг услуги | 18,865 |
| Печатарски услуги | 2,485 |
| Организација на кампања | 2,293 |
| Транспортни услуги | 5,503 |
| **Вкупно расходи:** | **65,138** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311
*Овластен Државен ревизор*
----------------------------